Врз основа на член 22 став 1 точка 9 и член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 3 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14,15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.11. 2022 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина Велес во областа на здравствената заштита во 2023 година**

## I.ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

- Обезбедување активен однос на Советот на Општина Велес кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните во областа на превентивната и примарната здравствена заштита;
- Изнаоѓање форми за промовирање на превентивната заштита и едукација;
- Изнаоѓање форми за едукација од епидемиски и пандемиски заболувања;
- Подобрување на здравјето на граѓаните;
- Создавање услови за поквалитетни здрав живот на децата и младите во локалната заедница;

## II. АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Велес во областа на здравствената заштита ќе бидат насочени кон поттикнување на превентивата, организирање едукативни предавања за заштита на здравјето, прегледи на населението во градот и населените места во функција на рано откривање на одредени заболувања, помагање за остварување на целите на оваа Програма.

| | ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА<br>Активности на Општина Велес за 2023 година | |
|---|---|---|
| | **НАЗИВ** | **Предвидени средства** |
| **1** | **ПРЕВЕНТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА** | **200.000,00** |
| 1.1. | Здравствени прегледи на вработени во општинска администрација | 100.000,00 |
| 1.2. | Здравствени прегледи на вработени во ТППЕ | 100.000,00 |
| **2** | **ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ** | **2.650.000,00** |
| 2.1. | Третирање против возрасна форма на комарци | 2.000.000,00 |
| 2.2. | Ларвицидно третирање | 150.000,00 |
| 2.3. | Дератизација, дезинсекција и дезинфекција на јавни површини и јавни објекти во надлежност на општината | 500.000,00 |
| **3** | **ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ СО ИНСТИТУЦИИ, НВО** | **150.000,00** |
| 3.1. | Активности на Совет за јавно здравје | 50.000,00 |
| 3.2. | Климатска рехабилитација (Здружение на лица со церебрална парализа и други попречености и Друштво на родители за грижа за здраво поколение) | 100.000,00 |
| **4** | **БЕЗДОМНИ ЖИВОТНИ** | **1.000.000,00** |
| 4.1. | План за контролата на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Велес 2021-2024 | 1.000.000,00 |
| | **ВКУПНО** | **4.000.000,00** |

**III. ФИНАНСИРАЊЕ**

Активностите од областа на здравствената заштита утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Општина Велес предвидени за 2023 година.

При реализацијата на Програмата, Советот на Општина Велес ќе ги поддржи институциите и Здруженијата на граѓани при реализирањето на проектите од областа на здравството за обезбедување на финансиски средства и друга помош од:

- Ресорното министерство;
- Бизнис заедницата, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица;
- Заинтересирани партнери за соработка во земјата и странство;
- Други извори.

**IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес", а ќе се применува од 01.01.2023 година.

Број 25-5207/9
30.11.2022 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков

Доставено до:
- Градоначалник;
- Одделение за финансиски прашања;
- Одделение за јавни дејности;
- Списи и архива